Државната комисија за жалби по јавни набавки врз основа на член 130 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот „БАУЕР БГ“ ДОО Скопје, изјавена против Одлука за избор на најповолна понуда од 26.10.2021, донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр. 14129/2021, за набавка на работи - Изградба на пристапен пат и распределителни цевководи за постројка за пречистување на вода за пиење во општина Карбинци на договорниот орган Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, врз основа на член 151 и член 160 став (1) точка 1 и став (2), (3), (4), (5) и (6) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 87/2021), на 49-та Седница одржана на ден 10.11.2021 година донесе:

# З А К Л У Ч О К

**1. СЕ КОНСТАТИРА** повлекување на жалбата поднесена од жалителот жалителот „БАУЕР БГ“ ДОО Скопје, изјавена против Одлука за избор на најповолна понуда од 26.10.2021, донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр. 14129/2021, за набавка на работи - Изградба на пристапен пат и распределителни цевководи за постројка за пречистување на вода за пиење во општина Карбинци на договорниот орган Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**2. СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот бр. 08-1119/1.

**3. Заклучокот** на Државната комисија за жалби по јавни набавки **е конечен по извршената достава.**

## *О б р а з л о ж е н и е*

Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи по предметот бр. 08-1119/1 по однос на жалбата поднесена од жалителот „БАУЕР БГ“ ДОО Скопје, констатира дека со поднесок од 09.10.2021 година доставен од страна на жалителот, истата ја повлекува.

Имено, согласно со член 151 став 1 од Законот за јавните набавки: (1) Жалителот може да ја повлече жалбата до моментот на донесување одлука по жалбата од страна на Државната комисија.

Со оглед на изнесеното, Државната комисија за жалби по јавни набавки одлучи како во диспозитивот од овој заклучок.

Бр. 08-1119/4
10.11.2021 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Кирил Каранфилов**

Доставено до:
- Архива,
- „БАУЕР БГ" ДОО Скопје
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство